<u>**Образец бр. 2**</u>

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

## 1. Опис на проблемите

Постојните важечки прописи кои го регулираат ветеринарното здравство во Република Македонија се пропишани во Закон за ветеринарно здравство (Сл. Весник на РМ бр. 113/07, 24/11 и 136/2011). Надлежноста за спроведување на Законот за ветеринарно здравство ја има Агенцијата за храна и ветеринарство. Агенцијата за храна и ветеринарство има обврска да обезбеди здравствена заштита на животните, спроведување на мерките на здравствена заштита како и на годишните и повеќегодишните програми за здравствена заштита на животните.
Досегашната пракса на обезбедување на поркиеност на целата територија на Република Македонија е уредена во членовите 40, 40-а, 41, 42 и 44 каде по објавување на јавен конкурс на избраните учесници на конскурсот за секоја епизотиолошка единица им се издава решение за овластување на ветеринарни амбуланти, ветеринарни клиники и ветеринарни болници за вршење на активности од областа на здравствената заштита на животни и активности од областа на ветеринарното јавно здравство како и за назначување на овластени ветеринари. Решенијата од спроведениот јавен конкурс се издаваат со време траење од пет години секако доколку овластените друштва во тој период продолжат да ги исполнуваат условите утврдени со закон и условите од договорот за вршење на договорените активности.
Предлог законот исто така врши усогласување со регулативата на ЕУ во однос на взаемно признавање на професионалните квалификации односно професијата Доктор по ветеринарна медицина со што се врши либерализација на пазарто на труд и ги изменува одребите за увоз на домашни миленици.

## 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство се заменува сегашниот пристап на обезбедување на покриеност со нов кој е пофлексибилен, поефикасен и дозволува наметнување на пазарна конкурентност. Со предложените изменувања и дополнувања се добива поефикасна покриеност и присуство на Агенцијата за храна и ветеринарство на теренот преку овластените друштва, се упростува постапката за овластување на ветеринарните друштва, сите ветеринарни друштва можат да вршат јавни овластувања, се намалува периодот за кој на друштвата им се издава овластување а воедно на одгледувачите на животни им е овозможено да го изберат ветеринарното друштво со кое соработуваат.

Покрај одредбите кои го уредуваат спроведувањето на здравствена заштитата и ветеринарно јавно здравство, предлог законот исто така врши усогласување со регулативата на ЕУ во однос на взаемно признавање на професионалните квалификации односно професијата Доктор по ветеринарна медицина со што се врши либерализација на пазарто на труд и ги изменува одребите за увоз на домашни миленици.

## 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Модел I – Не прави ништо

Модел II – Изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство.
Поради потребата од изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство Агенцијата за храна и ветеринарство го прифати Моделот II.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија на**

**Предложено решение:**
Модел II – Изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство.
**Опис:**
Со изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство се обезбедува подобра заштита на здравјето на луѓето и животните.

1. **Трошоци**

   Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

   Не се предвидени Нови формалности за физичките и правните лица со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на храна.

2. Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

   **НЕ**: За спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија. Средствата за спроведување на овој закон ќе се обезбедат согласно Програмата за користење на средства за ветеринарно здравство.

3. Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

   **НЕ**

4. Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

   **НЕ:** Имплементацијата на овој Закон нема дополнително да ги оптовари правните или физичките лица предмет на овој закон.

5. Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

   **НЕ**

6. **Придобивки**

   - Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Предложените решенија нудат проширување на можностите за искористување на потенцијалот на Република Македонија од аспект на подобрување на ефикасноста на ветеринарното здравство.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Подобра заштита на здравјето на луѓето и животните како и усогласување со легислативата на Европската Унија.

**7. Ризици и претпоставки**

Со Предлогот на законот за измена и дополнување на законот за ветеринарно здравство се доуредува начелото “молчењето е одобрување“, односно се надградува решението кое е содржано во Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/08). Со предложеното дополнување ќе се зголеми ефикасноста и ефективноста во постапките за решавање на барањата на странките, а граѓаните ќе можат на побрз и поефикасен начин да го остварат правото утврдено со овој закон.

8. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

При изготвувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство направени се консултации со Ветеринарната Комора и Ветеринарните друштва.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство се заменува сегашниот пристап на обезбедување на покриеност со нов кој е пофлексибилен, поефикасе и дозволува наметнување на пазарна конкурентност.
Предлог законот исто така врши усогласување со регулативата на ЕУ во однос на взаемно признавање на професионалните квалификации односно професијата Доктор по ветеринарна медицина со што се врши либерализација на пазарто на труд и ги изменува одребите за увоз на домашни миленици.
Текстот на Законот за ветеринарно здравство ги уредува: организацијата и одговорноста во вршење на ветеринарната дејност, овластување и структура на ветеринарната служба, посебно на ветеринарната комора, овластените ветеринари и ветеринарните друштва, начелата и постапките за имплементација на активностите поврзани со заштита на животните и луѓето од болести кои се пренесуваат преку животни, производи, животински нус-производи и предмети, активности против заразните болести кај животните, вклучувајќи зоонози.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Дејан Рунтевски - директор на Агенцијата за храна и ветеринарство,
Абдулезел Догани – заменик директор на Агенцијата за храна и ветеринарство,
Светлана Томеска Мицкова – в.д. раководител на Сектор за ЕУ и меѓународна соработка.

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- Љупчо Димовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Зоран Коњановски, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Дејан Рунтевски**,** директор на Агенција за храна и ветеринарство.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Нема влијание | врз економијата. | |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. | |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. | |
| 7. | Во текот е постапка за објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи. | | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | | НЕ |
| 10 | Спроведени се меѓуресорски консултации. | | НЕ |
| 11 | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *Љупчо Димовски*, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:
........................................................................... Датум: